**Биографија**

**Лични податоци**:

Магистер Вершиц Фердинанд Кристијан (герм. Mag. Wehrschütz Ferdinand Christian)

Датум на раѓање: 09.10.1961

Место и држава: Грац, Република Австрија

Дописник на ОРФ за Балкан и за Украина, претходно работи како уредник на надворешнополитичката редакција на Вести на Телевизијата; од август до декември 1999 е дописник на ОРФ во Брисел;претходно седум години работи во Инфопрмативното одделение на Редакцијата Вести на ОРФ Радиото;

Повеќегодишен член на Меѓународниот Институт за стратегиски студии (IISS) и на Кралскиот Институт за одбранбени служби (RUSI) во Лондон;

Офицер на воената полиција, чин мајор;

Оженет, сопруга Елизабет и ќерки Имануела и Михаела коишто живеат и работат во Салцбург, Австрија;

Странски јазици: англиски, руски, украински, српски(течно), француски(добро),словенечки (добро), македонски (пасивно, многу добро), албански (основно познавање);

**Кариера:**

Положена матура: 6-ти јуни, 1980, Грац;

1980-1981: обука за офицер на воената полиција, неколку години работел како офицер за информации во „Терезијанум" приватна гимназија во Виена; сегашен чин:мајор;во 1994 доброволно учествува во специјалната воена вежба во Грац, а се образува и во воено училиште за странски јазици за руски и за украински јазик;

1981-1985: Студии на Правниот Факултет и Институт за славистика на Универзитетот во Грац;

1984: четиринеделна доброволна работа во весникот „Kleine Zeitung",водечки весник во Грац;

Ноември 1985: стекнува титула магистер по право; одбрана на магистерскиот труд: „Закон за акциите како аналогна основа за правилниците за организација на системот на штедилниците"(„Das Aktiengesetz als Analogiebasis für das Sparkassenorganisationsrecht");

1985-1986: четиринеделен основен курс по новинарство, напреден курс по журналистика;

Јули-октомври 1986: стипендија на фондацијата за Јужна Африка (South Africa Foundation); работи во адвокатската фирма „Webber&Wentzel" во Јоханезбург;

1987: назначен за главен и одговорен уредник на неделникот „Neue Freie Zeitung";

Март-Април 1988: патување во Велика Британија и Унгарија со австрискиот новинарски клуб и кураториумот за школување новинар;

Јули 1988: четиринеделен доброволен ангажман во весникот „Neue Zürcher Zeitung“ во отсекот за надворешна политика и економија (од 1988 редовни рецензии во рубриката „Политичка книга“);

Септември 1988: еднонеделно патување во центрите на НАТО во Брисел, Франкфурт и Неапол организирано од американската амбасада;

Април 1989: четиринеделно патување во Москва, средба со главниот и одговорен уредник на „Известия“;

Јуни 1989: еднонеделно патување во Либија по повод дваесетгодишнината од револуцијата;

Октомври 1989: еднонеделен престој во Германската Демократска Република (ГДР) по повод прославата на Денот на државноста;

Април 1990: информативно патување во Јапонија со Австрискиот новинарски клуб;

Октомври 1990: Заседание на Политичкиот берлинкси клуб (PKB) во Атина за проширување на Европската Заедница на југ, политика спрема Средоземјето, јужното крило на НАТО;

Ноември 1990: Заседание на PKB во Париз во Францускиот институт за меѓународни односи (Institut Francais des Relations Internationales) за последиците на обединувањето на Германија врз европската безбедоносна политика; информативно патување во Кипар(една недела) на покана на Кипарската влада;

Декември 1990: Заседание на PKB во Берлин за безбедносната политика во Европа;

Јануари 1991: информативно патување во Хонгконг во ѕтраење од недела дена;

1-ви Мај 1991: преоѓање во ORF (редакција Телетекст)

1-ви Јануари 1992: вработување во Радио ORF како Одговорен уредник и уредник-водител на вестите од светот и уредник на програмата „Синиот Дунав“

Февруари 1992: Годишно заседание на Академијата за безбедност и соработка (ASZE) во Берлин на тема: Процес на европското обединување;

Април 1992: прво информативно патувањее во Киев, Украина:

Јули-Август 1992: тринеделен престој во јужна Украина, работа на студијата за „ Украина на патот да прерасне во регионална сила на источна Европа“;

Септември 1992: Заседание на ASZE во Софија посветено на состојбата на Баканот;

Октомври 1992: Советување во Институтот за студии околу безбедноста на Западноевропската Унија (ЗЕУ) во Париз за воено-политичкиот развој во Европа со посебен осврт на кризата во Југославија;

Февруари 1993: Годишен собир на Академијата за безбедност и соработка во Европа на тема: Европска безбедност;

Јуни 1993: двонеделен курс по француски јазик во Кан;

Август 1993: четиринеделен студиски престој во Доњецк, јужна Украина, курсеви по руски и украински јазик;

Март-Април 1994: тронеделен курс по украински јазик во западна Украина (Чернивци);

06.06.1994-16.09.1994: Обука за воен преведувач по руски и украински јазик во австриската војска;

Август-Септември 1995: нов престој во Буковина во траење од три недели;

22-23 јануари 1996: Учество во заседанието „Фондација за наука и политика" (Stiftung für Wissenschaft und Politik") во Ебенхаузен за руската надворешна политика; одржано предавање за руско-украинските односи;

Август 1996: Доброволна воена вежба во австриската амбасада во Киев;

10-21 Јануари 1997: Учество на собирот „Фондација за наука и политика" во Ебенхаузен за актуелните германски интереси со оглед на промените на планот на глобалната политика( почнувајќи од проширувањето на НАТО на Исток до состојбата во Источна Азија), одржано предавање за стабилноста на Украина со оглед на спротивставените европски и американски интереси;

21.06.1997-17.08.1997: Курс за украинистика на Универзитетот Харвард во САД;

10-14 Септември 1997: Учество на годишното заседавање на IISS во Сингапур на тема: „Безбедноста во светлината на подемот на азискиот Пацифик";

13.11.1997: Предавање за „ Улогата на медиумите во меѓународните кризни ситуации" во рамките на манифестацијата „Акедемијата во одбрана на земјата( како највисока институција за образовна и истражувачка работа во австриската војска) на тема„ Вооружените сили и меѓународното управување со кризите";

14-21 Септември 1997: Престој во Молдова на покана на „Центарот за независно новинарство", една од институциите на Сорос фондацијата. Во Кишињев одржав семинар за вести на радио на којшто учествуваа 17 радиски новинари;

24 Ноември 1997: Модератор со еднодневниот семинар на тема„ Безбедносна политика и Австрија како економска дестинација"; организатори се Академијата за одбрана на земјата и Австриското деловно здружение;

Август 1998: едномесечна работа во надворешно-политичката редакција на радио ORF;

Октомври 1998: Еднонеделно патување во централна Украина со управникот на централата на мисијата на Фрањевците за средна и источна Европа; посета на фрањевските манастири и информирање за положбата на црквите во Украина( прилог за „Die Furche");

25.10.1998-25.11.1998: Едномесечна стипендија на Универзитетот Дјук (Duke University) во Северна Каролина на покана австриско-американска фондација, со посета на медиумите на Њујорк и Вашингтон;

20-23.12 1998: Посета на жртвите на поплавите во Карпатска Украина со управникот на централата на мисијата на Фрањевците за средна и источна Европа ( прилог за „Kleine Zeitung“);

Март 1999: десетодневен курс по унгарски јазик во Берлиц во Будимпешта;

Јуни 1999: Преоѓање во во Телевизијата ORF; подготовки за ангажман на позиција на трет дописник од Брисел, обука од по еден месец во надворешно-политичката редакција, и во дневниците „Zeit im Bild 1“ и „Zeit im Bild 2“;

29.06.1999: Презентација на студијата „Украина и Европската Унија“ во рамките на тркалезната маса одржана на Академијата за одбрана на земјата;

Од крајот на Август до почетокот на Септември 1999: Трет дописник од Брисел, бројни посети на Европскиот Парламент во Стразбур и патувања во Луксембург( Европски Суд на правдата, седници на Советот на Министри на ЕУ, седници на министрите за надворешни работи и за одбрана на западноевропската Унија); вкупно испратени и емитувани 15 телевизиски стории и 65 радиски стории;

06-07.12.1999: Забрзан семинар за странски јазици на Академијата за одбрана на земјата за офицерите на тема: Анализа на вести; учество како надворешен предавач со предавање околу медиумското и военото дописништво на радио и на телевизијата ORF;

Декември 1990: Прелиминарно назначување за Шеф на бирото на ORF во Белград ;

14.02.2000: Прво службено патување во Белград по наредба на ORF и првично преземање на канцеларијата;

01.05.2000: Назначен за дописник на ORF во Белград;

Мај-Јуни 2003: тринеделен престој во Тирана, интензивен курс по албански јазик;

Делокругот на дописникот и шефот на бирото опфаќа известување за Србија, Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Косово и Албанија. Оваа новинарска работа е поврзана со долги патувања по целните земји во регионот. Паралелно со ова е и раководењето на канцеларијата на ORF во Белград. Во моментот на назначување на оваа должност, дадената позиција беше празна неколку месеци поради политичките околности во Србија. Неопходно беше спроведувањето на комплетна реорганизација на Бирото во Белград како и да се изгради севкупната новинарска инфраструктура во Албанија и во останатите поранешни југословенски републики. Ова се однесува и на сите договори за наем или договор за работа.

23-31.01.2014: Специјален ангажман во Киев поради нередите во Украина;

Од средината на Февруари 2014: Известување од најголемите воени жаришта во Украина, вклучувајќи го Крим и Доњецк (Донбас) за време на војната.

Есен 2014: Назначување за прв дописник на Австриската Телевизија за територијата на Украина со седиште во Киев;

Октомври, 11-18/2017 - Краткорочен набљудувач на ОБСЕ на изборите во Киргистан

Јуни, 12-15/2017 -Учество на Панел-дискусијата во Астана, Казахстан, организирана од Австриската Стопанска Комора( интервју со Министерот за Надворешни Работи)

Април, 01-06/ 2018- Туркменистан, Обука за млади новинари и дипломати како да се организираат државни посети

**Публикации:**

**Publikacije:**

М--р Кристијан Вершиц е автор на три книги:

2009: „ На огнената линија-- Балканот меѓу Брисел и Белград" („Im Kreuzfeuer – Am Balkan zwischen Brüssel und Belgrad");

2013: „Жариштето Балкан--крваво минато--неизвесна иднина"(„ Brennpunkt Balkan – Blutige Vergangenheit – ungewisse Zukunft");

2014: „Жариштето Украина--разговори за поделената земја"(„Brennpunkt Ukraine – Gespräche über ein gespaltenes Land");

Учествувал и во објавувањето на две книги, чии автори се дописници на Австриската Телевизија;

Објавува прилози за општествени, надворешно--политички, безбдоносни и медиумско--политички теми во бројни печатени медиуми„Neue Zürcher Zeitung"( како мнадворешен коментатор пишува прилози за состојбата во Русија и Украина; рецензии на австриски политички книги), „Presse", австрискиот воен весник „ÖMZ", весниците Standard" и „Defence National", украинскиот неделник „Молодий буковинець", часописот „Wiener Journal". Од моментот на назначувањето за дописник на ORF, редовно известува за бивша Југославија во „Kleine Zeitugn" и „Wiener Zeitung". На ова треба да се додадат и бројните предавања во Австрија и бројните манифестации посветени на Балканот и на Украина.

**Награди и одликувања:**

Австриска државна награда за публицистички достигнувања во интерес на духовната одбрана на земјата (доделена во Октомври 2000 од страна на австриското Сојузно министерство за образование, наука и култура)

Награда за печат Леополд Куншак (доделена во Март 2007)

2012: Заедно со останатите дописници на ORF добива посебна награда „Romy" на австрискиот весник „Kurier" за работа во странство;

2014: Номиниран за наградата „Romy" за работата во Украина;

2014: Освојува признание „Новинар на годината" за военото известување од Украина;